Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-427
mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk

М3

Врз основа на Подпрограма (Ј-40), Јавна чистота на територија на Општина Кисела Вода за период 2026 година ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" број 1/2026) и Решението за формирање на Комисија од страна на Градоначалник заведено со арх. бр.04-1047/2 од 10.02.2026 година за превземање на активности за ангажирање на лица за вршење на јавни работи за период започнувајќи од 01.03.2026 и заклучно со 31.12.2026, Општина Кисела Вода објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-1755/2
24-02-2026 год.

# ЈАВЕН ОГЛАС

(за ангажирање на лица за вршење јавни работи за период од 01.03.2026 до 31.12.2026 на територија на општина Кисела Вода)

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во реализација на Подпрограмата (Ј-40) на територија на Општина Кисела Вода за период од 01.03.2026 до 31.12.2026, да се пријават за работно ангажирање со полно работно време, за следните позиции:

1. Извршители кои ќе работат со машини за косење и користење на пили и телескопски пили на јавни површини под ингеренција на Општина Кисела Вода, чистење на снег во зимски услови како и вршење на утовар на кабаст и останат отпад по урбани и месни заедници на територија на Општина Кисела Вода.
Максимален број на лица (извршители) кои ќе бидат ангажирани - 15.
Висината на паричниот надоместок ќе изнесува 25.000,00 денари.

2. Извршители за чистење на снег во зимски услови, вршење на утовар на кабаст и останат отпад по урбани и месни заедници на територија на Општина Кисела Вода како и чистење смет, празнење на улични корпи за отпадоци, чистење/собирање суви лисја, гранки и слично.
Максимален број на лица (извршители) кои ќе бидат ангажирани – 10.
Висината на паричниот надоместок ќе изнесува 22.500,00 денари.

3. Извршители за чистење смет, празнење на улични корпи за отпадоци, чистење/собирање суви лисја, гранки како и чистење на снег во зимски услови.
Максимален број на лица (извршители) кои ќе бидат ангажирани – 15.
Висината на паричниот надоместок ќе изнесува 20.000,00 денари.

4. Извршители за чистење смет, празнење на улични корпи за отпадоци, чистење/собирање суви лисја, гранки и слично.
Максимален број на лица (извршители) кои ќе бидат ангажирани – 10.
Висината на паричниот надоместок ќе изнесува 18.000,00 денари.

Периодот во кој ќе се извршуваат наведените обврски ќе биде од 01.03.2026 до 31.12.2026 на начин и под услови кои се претходно дефинирани според степенот на оптеретување.

Право на учество на овој Јавен оглас имаат невработени лица кои ги исполнуваат следните критериуми :

- Да бидат пријавени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
- Да имаат претходно искуство во обласа (ќе се смета за предност),
- Да бидат работоспособни (лекарско уверение).

Заинтересираните кандидати е потребно да пополнат **образец ПРИЈАВА за јавен оглас** која може да се подигне во архивата на Општина Кисела Вода, или пак да се превземе електронски од Општина Кисела Вода на www.kiselavoda.gov.mk и кон неа да се приложат докази за исполнување на погоренаведените основни критериуми (активен доказ за невработеност издаден од АВРСМ, доказ за претходно работно ангажирање доколку го има на пример претходен договор и лекарско уверение за работоспособност) и истите да се доставаат во архивата на општина Кисела Вода со назнака до Комисија за Јавен оглас за ангажирање на лица за вршење јавни работи на територија на општина Кисела Вода.

По пријавувањето, Комисијата за избор ќе спроведе интервју со пријавените кандидати и ќе изврши избор на лица кои ќе ги исполнат бараните услови.

Поконкретни услови, права и обврски на избраните кандидати ќе бидат уредени со склучување на Договор меѓу Општина Кисела Вода и избраниот кандидат.

Огласот и пријавувањето ќе трае се до пополнувањето на потребниот број на лица.

Деталнии информации за Јавниот оглас можат да се добијат во Општина Кисела Вода (барака 8) , секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

КОМИСИЈА

Претседател – Александра Силјаноска
Член – Дојчин Алексовски
Член – Наташа Анастасовска
Член – Елизабета Тасевска
Член – Надица Спасовска Трајановски

# ПРИЈАВА

**по Јавен оглас за ангажирање на лица за вршење јавни работи за период од 01.03.2026 година до 31.12.2026 година на територија на Општина Кисела Вода**

**1. Податоци за подносителот:**

Од ______________________________ со адреса на живеење: ______________
Име и презиме

Општина/Град _____________________ и контакт телефон: ______________

**2. Документи кои се доставуваат (да се заокружи што е доставено):**

2.1. Потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија (оргинал).

2.2. Договор за претходен ангажман (доколку поседува - копија).

2.3. Лекарско уверение за работоспособност (оргинал).

2.4. Лична карта (копија).

2.5. Трансакциска сметка (копија).

2.6. Изјава за заштита на лични податоци.

Место:

____________

Датум:

____________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

Подносител:

________________________

Име и презиме и потпис

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава

за согласност за користење на личните податоци

Јас________________________________________________________________

Врз основа на член 6 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр.7/2005; 103/2008; 124/2010 и 135/2011), со оваа изјава ја изразувам својата согласност за обработка и чување на моите лични податоци во архивата на лични податоци од страна на Општина Кисела Вода.

Согласноста за обработка изразена погоре ги вклучува и следните лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, матичен број, адреса на живеење и контакт телефон.

Со ова потврдувам дека сум известен/а за моето право на:
* Пристап и примена на моите лични податоци.
* Оправдано барање во писмена форма за блокирање на обработка на моите лични податоци поради посебна причина/ситуација, како и тоа дека давањето на моите лични податоци е доброволно.
* Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во која било друга форма.

Оваа изјава ја давам доброволно.

Место:

________________

Датум:

________________

Изјавил:

________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**